Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 16.02.2021

На 15.02.2021 околу 21.35 часот, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Н.М.(48) од тетовско Вешала, затоа што при контрола во неговиот угостителски објект на ул.„Илинденска" во Тетово било констатирано дека работел по дозволеното време и во него биле затекнати седум лица – гости. Објектот бил затворен од Државниот пазарен инспекторат, а по целосно документирање на случајот против Н.М. ќе биде изготвен поднесок за „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија", согласно член 206 од Кривичниот законик. Исто така, од слобода била лишена и косовската државјанка Л.М.(18), која се наоѓала во објектот, а која илегално влегла во нашата земја и непријавено престојувала на подрачјето. Таа била задржана во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

На 15.02.2021 од 07.00 до 11.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за престигнување во која биле откриени и санкционирани 20 прекршоци (ТЕ-19 и ГВ-1). Притоа, биле санкционирани и осум други видови прекршоци (ТЕ-7 и 1-ГВ).

На 15.02.2021 Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај Штип, на автопатот Штип – Миладиновци (од клучка Три чешми до клучка Преод) спроведе контрола на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани шест прекршоци и на возачите им биле изготвени соодветни прекршочни платни налози.

На 12.02.2021 во периодот 12.00 до 18.00 часот на подрачјето на Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат непроприсно престигнување. Притоа, регистрирани се седум прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

Во рамки на засилените контролни активности на тетовската Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај, вчера биле откриени и законски санкционирани пет возачи кои ги управувале возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа, двајца возачи - почетници кои не се придржувале на законските ограничувања, четири возила со истечена регистрација над 30 дена, а шест непроприсно паркирани возила биле подигнати од тетовската „пајак-служба". За сите прекршоци изречени се соодветни санкции.

На 15.02.2020, полициски службеници од СВР Скопје, врз основа на судска наредба, извршиле претреси во домовите на П.П.(20) и Д.П.(17), двајцата од Скопје. При претресот во домот на П.П. биле пронајдени марихуана, три куршуми и други предмети. Додека, при претресот во домот на Д.П. биле пронајдени марихуана, таблети екстази и дигитална вага со остатоци од марихуана. Тие биле лишени од слобода и приведени во полициска станица, а по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Д.Н.(22) од Скопје пријавил дека на бул.„Србија" бил каснат од куче скитник.

На 15.02.2021 во 11.15 часот во Полициската станица Аеродром, И.С.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„1615" била касната од куче скитник.

На 15.02.2021 при претрес во домот на Г.Б.(33) од Охрид, извршен со судска наредба, полициски службеници од СВР Охрид пронашле и одзеле марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.02.2021 полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Свети Николе го лишија од слобода С.А.(46) од с.Дорфулија, светониколско, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „измама" и едно кривично дело „тешка кражба на дрзок начин", сторени на подрачјето на Свети Николе. По целосно документирање на случаите, против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ѓ.О.(43) од Дебар и против правно лице со седиште во Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 20.01.2021 полициските службеници констатирале дека Ѓ.О., како одговорно лице во правниот субјект-угостителски објект на улица „8 Септември" во Дебар, постапил спротивно на законските прописи за време на пандемијата од ковид-19 и дозволил на масите во објектот да седат повеќе гости од дозволеното.

На 15.02.2021 во 17.15 часот во СВР Тетово било пријавено дека околу 16.30 часот во фирма во тетовско Боговиње, при извршување работни задачи, вработениот Ј.С.(33) од Боговиње се здобил со повреди од кои починал на местото, додека С.И.(31), исто така, вработен во фирмата се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница. Јавен обвинител и екипа од СВР Тетово извршиле увид и се преземаат мерки за документирање на случајот.

На 15.02.2021 во 21.40 часот во СВР Скопје, Е.Г.(40) од Штип пријавила дека околу 20.00 часот на подрачјето на Ѓорче Петров била физички нападната од А.А.(39) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Скопје - Единица за внатрешни работи Гази Баба поднесе кривична пријава против А.И.(24) од Свети Николе, поради основано сомнение дека извршил две кривични дела, и тоа „тешка кражба на дрзок начин", предвидено и казниво согласно чл.236 ст.3 и „тешка кражба во обид", предвидено и казниво согласно чл.236 вв чл.19 од Кривичниот законик, при што се стекнал со противправна имотна корист и предизвикал материјална штета. А.И. кривичните дела ги извршил на 11.02.2021 во временскиот период од 21.25 до 21.40 часот на ул.„Трифун Хаџи Јанев", така што одзел чанта со пари и лични предмети од оштетено женско лице, а на ул.„Архимедова" , со употреба на физичка сила влегол во амфитеатарот на Факултетот за земјоделски науки и храна, каде извршил пребарување, но не одзел предмети. Од страна на полициски службеници од Полициска станица Гази Баба на 11.02.2021 во 22.00 часот А.И. е лишен од слобода и задржан во просториите на полициската станица каде го пројаснил извршувањето на кривичните дела, а предметите пронајдени кај него се вратени на оштетената.

На 15.02.2021 во 15.45 часот во СВР Скопје, Ф.Б. од Скопје пријавила дека околу 12.30 часот, на подрачјето на Центар, едно лице физички ја нападнало и ѝ одзело торба со мобилен телефон и паричник. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.02.2021 во 07.10 часот во СВР Тетово е пријавено дека настанал пожар во помошен објект до куќа во тетовското село Жилче, во кој била пронајдена почината 80-годишната Р.Ѓ. од ова село. Пожарот, кој го пријавил нејзиниот 44-годишен син, е целосно изгаснат од тетовската Територијална противпожарна единица. Извршен е увид од Јавен обвинител и екипа од СВР Тетово.

На 15.02.2021 во 09.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Џ.Р.(37) од с.Јеловјане и Т.Г.(35) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Велес поднесе кривична пријава против К.Г.(30) и Љ.Ј.(36), двајцата од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 11.02.2021 во продажен објект во Велес, пријавените со закана се обиделе да одземат пари од вработената, но не успеале.

СВР Скопје-Единица за економски и компјутерски криминал поднесе кривична пријава против А.С.(23) од Скопје, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „затајување", предвидено и казниво по чл.239 од Кривичниот законик. Пријавениот А.С., како вработено лице во правно лице за приредување игри на среќа, на работна позиција „оператор" , во текот на октомври 2020 во повеќе наврати затаил парични средства кои му биле доверени во врска со неговата работа, на начин што задржал за себе тикети и за истите не извршил уплата на парични средства во касата во износ од 95.000 денари, со што за таа сума го оштетил правното лице во кое што бил вработен.

На 16.02.2021 во 02.11 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Партизанска" во Нерези настанал пожар во патничко возило „голф",сопственост на И.Р.(63).Извршен е увид.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.К.(43) и Р.К.(17), двајцата од с.Лојане, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". Пријавените, на 03.02.2021 во Куманово физички нападнале полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет